**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 11.07.2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 3228 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 28 јуни 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 јули 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

За непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-207 од 16.04.2018 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје.

Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (16.04.2018 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 28 јуни 2018 година, на

државно ниво, **констатирано е дека не постапил по решението за изрекување мерка опомена, односно не ја отстранил извршената повреда на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 28 јуни 2018 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје емитуваше вкупно 20 часа 43 минути и 53 секунди програми што влегуваат во пресметка за изворно создадена програма. Од нив, вкупно 6 часа 7 минути и 46 секунди беа изворно создадена програма на албански, македонски и на турски јазик, на кои според дозволата овој сервис емитува програма, односно 29.57%, а законскиот минимум е 50%.

Половина од законскиот минимум (10:21:57) е 5 часа 10 минути и 58 секунди изворно создадена програма во РМ на албански, македонски и турски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 3 часа 33 минути и 22 секунди изворно создадена програма во РМ, што во оваа ситуација е за 1 час 37 минути и 36 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, на 28 јуни 2018 година, не емитуваше најмалку 50% изворно создадена програма на албански, македонски и на турски јазик, односно не емитуваше половина од изворно создадената програма во Република Македонија во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 16 април 2018 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје продолжи со вршење на повредата од **член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***